# АЛТЕРНАТИВЕН ИМПЕРИЈАЛЕН ЕНТИТЕТ ИЛИ НЕШТО РАЗЛИЧНО? КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КОНСТАНТНА БУГАРСКА ИМПЕРИЈАЛНА ЗАЕДНИЦА НА БАЛКАНОТ (X-XIV В.)

**Проф. Д-р. Стојко Стојков**

Институт за Историја и археологија, Факултет за образовни науки, УГД – Штип

stojko.stojkov@ugd.edu.mk

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Апстракт

Дел од силното влијание од империјата на Новиот Рим на Балканот се стремежите за создавање држави по византиски урнек, вклучително создавање на алтернативни империјални структури, чии лидери или се стремеле да достигнат до единствената вистинска царска титула – ромејската, или поради невозможност - создаваат своја верзија на империјата во териториите што ги контролирале. Основната империјална алтернатива се јавуваат бугарските царства на Балканот. Паралелно на нивната етничка интерпретација во науката постои разбирањето на истите како мултиетничка и над-етничка империјална заедница. Ова статија ја истражува последната интерпретација и се обидува да даде одговор на прашањата дали постоела таква заедница, дали постоела во целиот период, дали е една или се во прашање неколку и какви се односите меѓу нив.

Заклучокот до кој се доаѓа е дека не постоела една мултиетничка и над-етничка бугарска империјална заедница и традиција низ средниот

**Publisher info:**
**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA
**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**
**First Published: 2010**
**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities
**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University
**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk
**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

век. Се до XIII в. со поимот Бугари се нарекувани различни народи и со него се (само)именувале луѓе од различни етноси, но не е забележано разбирање дека тие сите сочинуваат нешто цело, ниту има знаци за постоење на солидарност и меѓусебно признавање како припадници кон таква заедница. Идеи за постоење на бугарски мултиетнички заедници се појавуваат дури во XIII в. и тоа во две меѓусебно ексклузивни варијанти. Така не е во прашање мултиетничка империјална заедница пандан на ромејската, туку хетерогена појава – сочинета од различни обиди за легитимација и создавање држави и цркви, и поврзани со нив елити, династии, политички центри, територии, што довело до различни разбирања за значењето на поимот Бугари, како место на живеење, потекло, етничка припадност и состав. Врската меѓу таквите алтернативни обиди за царска легитимација на Балканот била единствено бугарската царска титула.

**Клучни зборови:** Империја, царство, бугарски царства, империјална заедница, мултиетничка, над-етничка, традиција, етницитет.

Проф. д-р Стојко Стојков

# АЛТЕРНАТИВЕН ИМПЕРИЈАЛЕН ЕНТИТЕТ ИЛИ НЕШТО ПОДРУГО? ПО ПРАШАЊЕТО ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КОНСТАНТНА БУГАРСКА ИМПЕРИЈАЛНА ЗАЕДНИЦА НА БАЛКАНОТ (X-XIVB)

Византија – империјата на Новиот Рим била урнекот за градење држави на Балканот во средниот век. Државните формации овде дури и кога не се обидувале да се дефинираат како царски ја имитирале и се стремеле да го најдат своето место во нејзиното икумене. Во него секако најпожелно и тешко достижно било местото на василевсот – лидерот на православниот свет. Затоа не е чудно што се појавуваат повеќе обиди за легализација на власта преку користење имено на оваа империјална титула. Таквите обиди обично целеле кон вистинската царска титула и престол во Константинопол, но знаеле и да запрат на пола пат и да се легитимираат себе си и својата власт преку неа, но во само еден регион. Постоела сепак и друга царска алтернатива во рамките на истиот модел - без толку блесок и со спорна легитимност, но сепак допуштена во живот по принципот на *икономија* - бугарската царска титула, веројатно првата не-римска империјална титула во средновековна Европа.

За карактерот и природата на бугарските царства е напишано многу. Паралелно со етничката интерпретација на бугарските царства, за која имам зборувано на друго место,[1] во науката постои интерпретација на истите како мултиетничка и над-етничка империјална заедница слична со ромејската. Во различни варијанти и во одделни свои трудови во прилог на таквата интерпретација се искажале научници како Пол Стивенсон, Александру Мадгеару, Иван Биљарски, Веселина Вачкова, Страшимир Димитров и др. [2]

---

[1] Стојков Стојко, Бугарскиот етнос и мултиетничка Бугарија во византиските извори во X в., *Гласник на ИНИ*, 2015, 63 – 86; Истиот, *Многуимените други, Македонија како пресечна точка на Другоста на средновековниот Балкан (идентитетски студии)*, Штип, НУБ Штип, 2023, 93 – 133.

[222] Stephenson Paul, *Byzantium's Balkan Frontier. A Political Study of the Northern Balkans*, 900–1204, Cambridge 2006, 61., слично во: Stephenson Paul, *The Legend of Basil the Bulgar-Slayer*, Cambridge: Cambridge University press, 2003, 30, 61; Madgearu, Alexandru, Centrifugal movement in the Balkans in the 11th century, *Etudes byzantines et post-byzantines*, 5, 2006, 217; Билярски Иван, *Покровители на царството, Свети цар Петър и света Параскева-Петка*, София, 2004, 42; Biliarsky Ivan, The Tale of the Prophet Isaiah, The Destiny and Meanings of an Apocryphal Text, Brill, Leiden, 2013, 27-29, 35; Вачкова, Веселина, *Въображаеми и реални граници в ранносредновековна Европа,* София, 2001, 187, 190-192, 195.

Таа е резимирана од Александру Мадгеару на следниот начин: „Бугарија не беше ‘национална држава’. Таа била ривалска империја, производ на византискиот модел. Таа била заеднички проект на населението во Централниот Балкан, без значење на етничкото потекло ... Бугари било политичко, не етничко име, на иста начин како и Ромеи“.[3] Слично и Пол Стивенсон ќе каже: „практиката да се претендира на титулата император на Бугарите … немала етничко значење“.[4]

За жал оваа интерпретација не е доволно разработена и повеќе ја наоѓаме во попатни коментари и констатации. Сепак како да постои консензус меѓу авторите што ја застапуваат дека е во прашање еден и единствен иако мултиетнички империјален бугарски ентитет во средниот век. Таквите автори се делат по прашањето дали таквиот ентитет е поврзан со модерната бугарска нација или не. Последното не е цел на ова истражување. Целта е да се фрли светлина по прашањата доколку е основана базичната интерпретација и ако да - дали зборуваме за една таква заедница, која постоела во целиот период од создавањето на бугарското царство или треба да бараме алтернативно објаснување.

### *Аргументи во корист на таквата интерпретација*

Во прилог на понудената интерпретација можат да се дадат повеќе аргументи.

1. Поимот Бугари е поврзуван во изворите со различни етноси (види Табела број 1). Во прашање е не едноставно метонимија со користење на архаизми или генерални термини како Скити, туку исто и изедначување со актуелни етноними, или вклучување во различни групи на народи. Таквите народи не спаѓаат кон една група ниту пак кон две кои да се хронолошки поделени, туку напротив набљудуваме како од една етничка интерпретација која е апсолутна до околу 1000 г. – туранската (Хуни, Авари, Хазари, Котраги), одиме кон повеќе паралелни интерпретации – туранска, словенска, античка.

---

[3] Madgearu, *Centrifugal movement*, 217.
[4] Stephenson, *Byzantium’s Balkan Frontier,* 61; Stephenson, *Legend of Basil*, 30, 61.

*Табела бр. 1 Народи со кои се идентификувани Бугарите*

| *Период* | *Идентификација* | *Потекло на изворите* |
|---|---|---|
| VII – XIV в | Скити | византиски, латински |
| VI – XII в. | Хуни | византиски, латински, словенски, бугарски |
| X в. | Туранци генерално | хазарски, еврејски, арапски |
| X в. | Хазари | Византиски |
| X – XI в. | Авари | Византиски |
| X – XII в. | Унгарци | византиски, словенски, арапски |
| X – XIV в. | Кумани | византиски, словенски |
| X – XIV в. | Мизи | Византиски |
| X – XII в. | Мирмидонци | византиски, словенски |
| XII в. | Панонци | Византиски |
| XII в. | Пајонци преку Панонци | Византиски |
| XII в. | Илири преку Тракијци | Византиски |
| XI – XIV в. | Словени генерално | византиски, словенски |
| XIII | Готи | српски |
| XIII – XIV в. | Власи | словенски, византиски |
| XIII – XIV в. | Збирно име за повеќе словенски или мизиски народи | византиски, словенски |
| XIV в. | Срби | словенски (бугарски) |

2. Потеклото на Бугарите се изведувало од различни групи народи. До 1000 г. тоа се исклучиво туранска група народи, а пота се додаваат и други. Различните интерпретации постојат паралелно. Во географска смисла потеклото до 1000 г. се изведува од Скитија, а потоа се додаваат уште и Волга, Балканот и Мала Азија (види Табела 2).

*Табела бр. 2 Потекло на Бугарите*

| *Век* | *Идеја за потекло* | *Извори* |
|---|---|---|
| IX – X в. | Од Хуните и Атила | византиски, бугарски, арапски, латински, словенски |
| | Од Авари, Хазари и Кумани | |
| XI – XII в. | Од Скитија | византиски |
| | Домородно античко население – Илири, Панонци, Пајонци, Тракијци, Мирмидонци | византиски |
| | Од Волга | латински (Црна Гора) |
| | Хуни | византиски |
| XIII в. | Од Бугарија на Волга | латински |
| | Античко население од Мала Азија (Мизи) | византиски |
| XIV в. | Кумани од Скитија | словенски (Бугарија) |
| | Од реката Волга | византиски |

3. Важно значење имаат и случаите на бугарска самоопределба кај поедини личности. Такви ги има три и сите тројца се од различна етничка припадност.

- Во почетокот на X в. Ѓорѓи, етнички (турански) Бугарин од денешна Добруџа, изјавува дека **ѡт ꙗзыка есмъ новопросвештенаго блъгарьска.**[5]

[5] Калоянов *et al.*, *“Сказание за железния кръст” и епохата на цар Симеон,* Велико Търново, 2007, 178. За овој циклус и за неговото толкување види и: Златарски Васил, Кои са били вътрешните и външните

- На Битолската плоча, Јован син на Арон (според преовладувачкото засега мислење – Јован Владислав човек од ерменско или од мешано потекло), ќе декларира дека **бысть блъгаринъ родомь.**[6]

- На крајот од XI в. Бугарин ќе се нарече Теофилакт Охридски роден во Евбеја (Κάτειμι τοίνυν ἐπὶ Βουλγάρους ἀτεχνῶς Κωνσταντινουπολίτης, τὸ ξένον Βούλγαρος).[7]

Не толку далеку од нивната група, стојат двајца други. Царот Калојан (1196 – 1207 г.), кој сам си ја дал титулата „император на Бугарите (и Власите)“ и ги нарекувал „императорите на Бугарите (и Власите)“ Петар и Самуил свои претходници и предци, но самиот се самоопределувал како Влав.[8] Калојановиот внук од сестра - царот Борил, етнички Влав, за кого во Бориловиот синодик два века подоцна ќе се каже дека тој: **повелѣ (...) прѣписати съборникь ѿ гръчьскаго на блъгарьскыи свои ѧзыкь.**[9]

Очигледно луѓе од различно етничко потекло можеле да тврдат за себе дека се Бугари, без притоа да ја се откажуваат од своето етничко потекло и самоопределба.

4. На просторот на кој го наоѓаме името Бугари – делови од денешните Романија, Србија, Македонија, Бугарија, Грција, Албанија - во средниот век живееле различни етноси – словенски племиња, Власи, Бугари и др., што сугерира политички, мултиетнички и над-етнички карактер на поимот Бугари.

5. Бугарските држави се дефинирале себе си како империја градена по урнек на Византија, а бугарските династии и елити биле од различно етничко потекло: бугарско

боляри, *Избрани произведения*, т. I, София, 1972, 304–310; Христов Янко, *Щрихи към „Сказание за железния кръст”*, Благоевград, 2011, 10, 11.

[6] Мошин Владимир, Битољска плоча из 1017 године, *Македонски јазик*, XVII, 1966, 52; Заимов Йордан, *Битолски надпис на Иван Владислав самодържец български, старобългарски паметник от 1015 – 1016* г., БАН, София 1970, 33-34.

[7] Theophylactus Bulgariae Archiepiscopus vol. 4, *Patrologia Graeca*, Vol. 126, ed. Jacques Paul Migne, 1864. 504C; Меловски Христо, *Москополски зборник, пролошки житија на светците*, Miscelanea byzantine-makedonica, vol. 1.1., Скопје, 1996, 93; *Гръцки извори за българската история* т. IX, част II, София БАН, 83.

[8] *Patrologia Latina*, 214, ed. Jacques-Paul Migne, Parisiis,1844, col. 113A, 116B; *Patrologia Latina*, 215, ed. Jacques-Paul Migne, Parisiis,1844, col. 290B.

[9] Попруженко М. Г, *Козма Пресвитеръ, Болгарскій писатель X вѣка*, Български старини, кн. XII, София, БАН, 1936, 80. Како „јазик наш“ старословенскиот се појавува и за влашкиот автор Михаил Моска во 1620 г. (Ангелов Боньо, *Страници из историята на старобългарската литература*, София, 1974, 206).

(туранско), ерменско, влашко, куманско, а има и по еден Татарин и Србин на престолот, како и емигранти од Киевска Рус и Византија во високата елита.

Според тоа интерпретацијата на Бугарите како мултиетничка заедница слична на ромејската изгледа сосема основана.

***Критички осврт***

Сепак при подетално разгледување на прашањето таквиот заклучок се јавува проблематичен и во најмала рака има потреба до повеќе модификации за да соодветствува на реалноста опишана во изворите.

Првото што треба да се забележи е дека не може да се најде идеја за таква единствена мултиетничка заедница – се до средината на XIII в. „Бугарите“ се третирани како еден етнос и притоа не мешан (по состав или потекло) етнос. Иако се идентификувани со различни народи, тоа е секогаш само со еден народ, не со неколку истовремено. Ако ги оставиме на страна случаите кога се зборува за припадност кон група народи, впечатокот за мултиетничност, се создава вештачки преку комбинирање на различните идентификации на Бугарите во изворите, но истата во изворите ја нема – сите такви идентификации се со еден народ. Така што логичниот заклучок би бил дека по 1000 г. имаме губење на јаснотата што се тоа Бугарите (до 1000 г. - турански народ), што довело до идентификации на поимот со различни заедници кои живееле на територијата на архиепископијата „на цела Бугарија“, во XI – XII в. или во минатото биле дел од бугарската држава, а не дека постои идеја за една единствена мултиетничка бугарска заедница, а ниту за еден хомоген бугарски етнос.

Трите само-идентификации што ги цитирав зборуваат многу. Едната е етничка себе-идентификација со туранските Бугари во Добруџа, втората (ако е Јован Владислав) – политичка идентификација со политички субјект – државата на Комитопулите во нејзините граници во 1015 – 1017 г., а третата – административна - со црковната организација на Охридската архиепископија. Т.е. не е во прашање идентификација со ист субјект, туку со три различни, квалитативно и територијално. Според тоа идентификацијата „Бугарин“ била не само отворена и над-етничка,

компатибилна со различни етнички идентитети, но исто така се однесувала на повеќе ентитети – не на еден. Дополнителните примери само би го засилиле заклучокот: разно-етничките субјекти кои ја прифаќале бугарската идентификација (како примарна, секундарна, терцијална, политичка, етничка, географска, административна...), тешко дека би ги препознале другите такви како *свои*, како припадници на ист *вид* и *група* на *Бугари* и соодветно дека сите тие би го разбирале поимот Бугари на ист начин и би имале во предвид една и иста бугарска заедница. за истото сведочат и различните разбирање за тоа кои се, од каде потекнуваат и каде живеат Бугарите што ги наоѓаме меѓу X – XIV в.

Таквата хаотична состојба се јавува директен одраз на реалноста дека не постои една постојана бугарска држава, елита, црква и институции, туку повеќе. Разликата со Византија тука е сосема видна. Во Византија постои една држава, елита и црква. Дури и после 1204 г. елитите на државите наследнички потекнуваат од истата единствена елита, се препознаваат едни други како една целина, можат да поминуваат од една во друга, ја чуваат свеста за ромесјкост и идејата и стремежот за обнова на единствената Ромеја, го зачувуваат црковното единство и културната и историска традиција. Сите имале една фиксна точка околу која гравитирале и тоа е Новиот Рим – Константинопол, градот на царот - Цариград: само император крунисан таму бил неспорно легитимен.

Ништо такво немаме во случајот со различните бугарски држави, цркви и институции на Балканот. Овде наоѓаме четири царски градови – Преслав, Преспа, Охрид, Трново – четири града во двата спротивни делови на Балканот. Јасен знак за дисконтинуитет е што не само што никој не с еобидел да ја премести својата престолнина во некој од претходните царски градови, но дури и немаме практика на крунисување во некој од претходните градови, дури ниту на почетокот на новата бугарска династија, кога имала потреба да легитимира и својата *царскост* и својата *бугарскост*. Во прашање се три „бугарски“ држави, со различни политички центри и елити, со династии и елити од различно етничко потекло, различни црковни организации, нивните елити имаат различни разбирања за тоа кои, од каде и каде се Бугарите, често меѓусебно не се препознаваат или дури се негираат. Дисконтинуитетот е и физички и временски и територијален и етнички. Иако на прв поглед постоењето на династии и елити од различно потекло наведува на идеја за сличност со Византија,

реалноста е коренито различна. Династиите и елитите на трите *бугарски царства* не биле едноставно од мешано потекло (што би ги правело слични меѓу себе), всушност земени секоја сама за себе тие и не биле етнички секогаш особено хетерогени, туку во секоја една од нив имало династии и елити од ново, различно потекло, што ги прави етнички различни една од друга. При Комитопултие имаме ерменска или мешана династија и доминантно словенска елита, во Охридската архиепископија – мешана гркојазична елита, во Трново – династии и елити од влашко и куманско потекло.

Во XIII – XIV в. дури имаме постоење на две паралелни бугарски црковни институции кои една друга се негираат (преку титулите на своите поглавари) и претендираат на прилично различно „бугарско“ потекло. Охридските архиепископи „на цела Бугарија“ во однос на потеклото на својата црква претендирале на анти-духоборците од вселенските собори, на Јустинијана Прима, Панонската архиепископија на свети Методиј, Величката епископија на свети Климент, Дрстарската патријаршија и на архиепископите во државата на Комитопулите. За разлика од нив Трновските патријарси „на сите Бугари“ се повикувале на „патријарсите“ на Преслав (но не и на патријархот на Дрстар) и воопшто не ги вклучувале поглаварите во Преспа и Охрид од времето на Комитопулите меѓу своите претходници. Двете цркви имале различни примарни светци – за Охридската тоа се св. Климент и Наум, кои пак биле неглижирани и оставени без житија во Трновската хагиографска традиција, каде како основни биле промовирани св. Јован Рилски и св. Петка Епиватска (види Табела бр. 3).

*Табела б. 3: Две паралелни традиции*

| Традиции | Византиско словенска (Охридска) | Турано-влашка (Мизиска) |
|---|---|---|
| Јазик и писмо | Грчки јазик / словенски јазик (глаголско и кирилско писмо) | Словенски јазик кирилско писмо |
| Именување на јазикот | Бугарски е друго име за словенскиот јазик за грчките текстови, а за словенските – не се користи, само словенски | Словенскиот јазик се нарекува бугарски како јазик на бугарската империја на начин како и грчкиот е ромејски за Византија |

| | | |
|---|---|---|
| *Етикети користени за заедницата* | Бугари / Мизи во грчките текстови а од 14 и некои словенски е збирно и алтернативно именување на Словените сфатени како еден род или како повеќе народи. | Бугари е политоним, империјален поим, над-етнички, во кој влегуваат Срби, Власи и Кумани, кои составуваат бугарски род или род на бугарското царство пандан на грчки род. |
| *Територија на заедницата* | Бугарите населуваат просторот од Панонија и Голема Моравија до Далмација, Илирик, Тесалија и Тракија. | Бугарите живеат северно од Зигос додека во Тракија и Македонија се Грци и грчка земја |
| *Титула и диецеза* | Архиепископ на цела Бугарија – со диецеза во Централниот Балкан, надвор од местата каде живеат „Сите Бугари“. | Патријарх на сите Бугари северно од Стара планина, надвор од деицазата на архиепископите на „Цела Бугарија“ |
| *Однос кон св. Кирил и Методиј* | Свети Кирил и Методиј се бугарски просветители во грчките тесктови и слвоенски во словенските, но не се Бугари или Словени. | Свети Кирил и Методиј се бугарски во смисла на родум Бугари и просветители на Бугарија |
| *Извори* | Житијата на св. Климент од Теофилакт и Хоматијан, службите за светите Наум и Климент, Солунска легенда, Легенда за Сивила | Записи во Манасиевата хроника, Бориловиот синодик, Кракти житија на Кирил и Методиј, Разумник указ, Видение на Исаја |

Според тоа ние набљудуваме различни разбирања и интерпретации на она што значи *Бугарија* и *Бугари*, а не различни разбирања на иста. Иако тешко би можело да се оспори дека се формирале елитарни заедници околу црковните и политички центри: Плиска – Преслав, Преспа – Охрид, Трново, тие не биле една заедница, туку четири различни елитарни заедници (во трите држави и Охридската архиепископија), кои го користеле и разбирале поимот Бугари на различни начини.

Тоа е особено очигледно кога ќе го поставиме прашањето за *бугарската земја*. Овој термин бил поврзуван со повеќе различни територии на Балканот и имал како основно значење моментална територија на некоја бугарска држава, административна единица или црква. Не постои „бугарска земја“ како некоја константна територија, дури ниту како една територија што варира во времето и просторот, туку неколку. Тоа е логична последица од постоењето на различни држави и цркви, но истовремено ни покажува дека не само поимот не е поврзан со идејата за земја на етнички хомоген народ, но не е ниту поврзан со некоја објективно постоечка мултиетничка заедница од империјален тип. Така погледнато „однадвор“ наоѓаме „бугарска земја“ во смисла: територија на бугарскиот (турански) етнос во Добруџа;[10] територија на некоја од трите „бугарски“ држави (со менливи граници и различни територии); територија на тема Бугарија, територија ан катепанат Бугарија, диецеза на Охридската архиепископија „на цела Бугарија“ (територија што варира драстично во времето и просторот, но генерално не ги вклучува Тракија и Мизија); диецеза на Трновската патријаршија „на сите Бугари“ северно од линијата Стара планина – Шар – Драч.

Погледнато „одвнатре“ исто наоѓаме различни идеи за тоа каде е „бугарската земја“ (и соодветно каде живеат Бугарите). За охридските архиепископи тоа има двојно значење. Прво, во однос на нивната современост – „бугарската земја“ населена со „Бугарите“ е имено диецезата на нивната архиепископија „на цела Бугарија“. Второ, во минатото тоа биле земјите опфатени од словенската мисија на св. Кирил и Методиј како и населените со Словени земји на Балканот. Така се добива кај Теофилакт Охридски „бугарска земја“, која ги вклучува скоро целиот Балкан (без Јужна Грција), и териториите на денешните Унгарија, Словачка и Чешка.[11] За Димитар Хоматијан тоа пак е „Панонија и Далмација, во Тракија и Илирик, а и голем дел од Македонија и од

---

[10] Porphirogenitus Constantine. *De administrando imperio,* Gyula Moravcsik ed. Washington 1967, Dumbarton oaks, 62, 63, & 9, 96, 97, 101.176, & 40, 7-12; *Гръцки извори за българската история*, т. 5, БАН, София 1964, 93, 215; Theophanes Continuatus, Ioannes Cameniata, Symeon Magister, Georgius Monachus, CSHB, Bekker I. (ed), Bonnae, 1838, 358, 21, 22; Leonis Grammatici, *Cronographia,* ed. Im. Bekkeri, CSHB, Bonnae 1842, 268, 10-12; *История Иудейской войны Иосифа Флавия древнерусский перевод*, т. 1, РАН, Москва 2004, 185; Иванов Йордан, *Богомилски книги и легенди*, София 1970, 281; Милтенова А., Тъпкова-Заимова В., *Историко-апокалиптичната книжнина във Византия и в средновековна България*, София, 1996, 199-201; Недков Борис, *България и съседните й земи през XII век според Географията на Идриси*, София, 1960, 18, 93, 105.

[11] Види во Климентовото житие: τῶν Σθλαβενῶν γένος εἴτουν Βουλγάρων, Βουλγάρων γλώττη πρῶτος ἐπίσκοπος ὁ Κλήμης, σθλοβενικῶν γραμάτων (Милев Александър, *Гръцките жития на Климент Охридски*, БАН, София, 1966, 81, 83, 89, 111, 129, 133), и во житието на тивериополските маченици: „Τιβεριουπολει τηι Βουλγαρικος επονομαζομηνηι Στρουμμτζηι“ (Меловски, *Москополски зборник*, 61, 62).

Тесалија“.[12] За Трновските владетели и патријарси соодветно „бугарската земја“ и Бугарите биле на север од Стара планина и Шар до Дунав (види мапа).




Уште позначајно е меѓусебното негирање меѓу Охрид и Трново. Според Охридските архиепископи во современа за нив смисла „бугарската земја“ не ги вклучува Тракија и Мизија и соодветно таму нема „Бугари“. Цела Бугарија е нивната диецеза и таму се и „Бугарите“. Спротивно уште со самата титула Трновскиот патријарх „на сите Бугари“ декларира дека во диецезата на Охридската архиепископија, но исто и во таа на цариградскиот патријарх – Бугари нема. Владетелите на второто бугарско царство не ги сметале населението и земјата јужно од Стара планина во Тракија и Македонија за *бугарска земја* населена со *Бугари* туку за Романија, Грчка земја, населена со Грци (види мапа). Кога по 1393 г. „патријархот на

[12] Милев, *Гръцките жития*, 174, 175.

сите Бугари“ Евтимиј бил испратен „во заточеништво во Македонија“, тоа според Пофалното слово напишано од неговиот ученик Григориј Цамблак, претставувало напуштање на татковината, разделба со сродниците и со своите, одење во „туѓа земја“, каде „месните жители“ се за него странци.[13]

### *Појава на идеи за бугарски мултиетнички заедници на Балканот*

Дури кон крајот на XIII и во XIV в. ќе се оформи идеја дека „Бугари“ е поим кој се однесува на мултиетничка заедница, но повторно – не една, имаме две, кои се различно дефинирани, како состав, потекло и простор на кој живеат. Според Охридската традиција во прашање е збирен поим за поголем број на словенски или мизиски етноси. За Трновската традиција тоа е поим кој се однесува истовремено на Власи, Срби и други (види мапа).

На пример. Во грчката служба на св. Климент наоѓаме: „благодатта ... си ја донел на *етносите на Мизите* ... „*етносите на Мизите* ги очисти со крштевање .... на *цела Бугарија* голем проповедник“, „си станал ... учител на *многу етноси*“, „ги упати *мизиските етноси* кон божествената вера ... правејќи ги одбран лаос“, „првосвештеникот, пастир на *лаосот на Мизија* и учител“.[14] Во Краткото житие на св. Климент Св. Методиј е „ учител на *мизиските етноси“* (Μυσῶν ἔθνει),[15] а св. Климент - „ водач на *сите мизиски народи*“ (παντὶ τῷ Μυσῶν ἔθνει).[16] Слично е и во службата за св. Климент: „благодатта ... си ја донел на *етносите на Мизите* ... Клименте“, „учител на *многу етноси*“, „ги упати *мизиските етноси* на божествената вера ... правејќи ги одбран лаос“. Тој е „пастир на *лаосот на Мизија* и учител“.[17] Во службата на св. Наум од Константин Кавасила *Мизите* и *Бугарите* се родови, мноштва и лаос(и): а „Дојдете *родови на Мизите и на Бугарите* (τῶν Μισῶν και τῶν Βουλγάρων γένη)“, „диви и нескротени *племиња на Мизите*“, „*родовите на Мизите* ... и сите поколенија на Бугарите“ (Τὰ Μυσῶν γένη ... καὶ Βουλγάρων ἅπαντα τὰ ἀπόγονα). Тие се лаос/лаоси:

[13] Дуйчевъ Иванъ, *Из старата българска книжнина*, книга втора, София, 1944, 245, 248-249.
[14] Меловски, *Москополски зборник*, 100 -104.
[15] Милев, *Гръцките жития*, 174, 175.
[16] Милев, *Гръцките жития*, 176, 177.
[17] Мелоски, *Москополски зборник*, 100, 101.

„заедно со Климент ... ги посети сите места на Мизите, Охрид и наоколу, со твоите проповеди водејќи ги *народите* (лаосите)“, „лаосот ... на Бугарите“, „лаосот на Мизија“. Тие се универзум: „да се радуваш (ти) кој со благодата на Светиот Дух го приведе кон својот Господ универзумот на Мизија ...(κόσμον Μυσίας)“. Станувајќи соработник на Климент „кај универзумот на Мизите стаса“. Мизите-Бугари се и толпи/мноштва: „го научи мноштвото на Мизите на побожност“ (τὰ πλήθη διδάχας τῶν Μυσῶν), „мноштвото на Бугарите го приведе кон Христа“, „во верата фати *безбројни мноштва на Мизите*, „спасувајќи го мноштвото на Мизите“.[18] Во Проложкото грчко житие на св. Наум тие се поново „*етноси*“. Во Проложкото грчко житие на св. Наум е сочувано истото сфаќање на поимот Бугари како полиетнички: Св. Наум цутел во времето кога св. Кирил и Методиј престојувале во деловите на Бугарија (т.е. Велика Моравија и Панонија) и се труделе затонатите еретички етноси да ги обратат, го превеле Писмото „од грчкиот јазик на јазикот на Бугарите, доведувајќи го бугарскиот дијалект до големо разбирање“, Св. Кирил, Методиј, Наум и Климент на „овие етноси“ им го објавиле спасителното дело.[19] Во натпис од 1317 г. во Охрид наоѓаме дека архиепископот: „Григориј откако подигна скинија мизиските етноси (ἔθνη τὰ Μυσῶν) ги поучува“.[20] Овде го гледаме разбирањето дека постои еден мизиски или бугарски надетнички универзум и лаос, евидентно воден од Охридските архиепископи, кој се јавува според составот – мултиетнички.

Дел од овие настанати во Охрид на грчки јазик текстови, продуцирани од гркофоната елита на архиепископијата, биле преведени на словенски и така и преку нив оваа терминологија и разбирањето на поимот *Бугари* како збирен за повеќе словенски народи или генерално за сите Словени поминува и во некои словенски творби во XIV в. како словенскиот превод на Краткото Климентово житие,[21] а потоа во една од редакциите на Солунската легенда – **вь землю (пространнѹ) и в ıезики словиньскъııе се рекше Бльгаре)**[22], или во Легендата за Сивила каде ја наоѓаме

[18] Мелоски, *Москополски зборник*, 70-77.
[19] Мелоски, *Москополски зборник*, 77, 78, 84.
[20] Иванов Йордан, *Български старини от Македония*, София, 1970, 34, 35.
[21] Иванов, *Старини*, 316, 317 Европїи мисїискухъ иже и Бльгарїи многу разумиїим ... Дѝнавь пр7идоше стрьнаа вьса насл7доваше Паньнию и Далматїю, Ѳракїа же и Илирикь и мньгаа же македоньскаа и солѝньскаа.
[22] Иванов, *Старини*, 282.

карактеристичната фраза **„а' родь Словѣне, рекше Бльгаре“**[23] под кои се ставении и *Срби* а изгледа и *Руси*.

Во Трново пак поимот *Бугари* ќе биде интерпретиран како империален, како над-етничка категорија во која влегуваат и Власите и Србите (**ибѡ и Власи и Сръбли и прочїи вси едино сѫтъ**)[24] или како термин сличен на Ромеи но кој се однесува на населението во Северниот Балкан, северно од „Зигос“.[25]

Појавата на овие разбирања е природна последица од истовремено постоење на две признати бугарски институции на различна територија со население од различен етнички состав водени од елити од различно потекло.

### *Причини за еволуција на поимот Бугари во изворите*

Причините за еволуцијата во значењата на поимот Бугари и Бугарија можеме да ги откриеме во специфичниот историски развој. До 972 г. Бугарија била царство управувано од туранска бугарска елита и династија. Во 976 г. етничките Бугари не земале учество во востанието на Комитопулите, водено од династија и елита од различно етничко потекло; „бугарската земја“ во Добруџа, била освоена десетина години подоцна (987 – 989 г.), а во 1000 г. градовите на етничките Бугари се предаваат без борба на византиската војска.[26] Тие стануваат дел од византискиот административен систем и повеќе не се дел од борбата за одбрана на Самуиловото царство. Кога во 1018 г. се создадени тема и катепанат Бугарија, а исто и архиепископија на (цела) Бугарија, териториите на кои живееле етничките Бугари нема да бидат дел од таквите Бугарии.[27] „Бугарија“ сега е територијата на катепанатот и

[23] Заимова и Милтенова, *Историко-апокалиптичната книжнина*, 253.
[24] Александър Чертков, О переводѣ Манассiной лѣтописи на словѣнскiй языкъ, *Рускiй историческiй сборникъ*, 6/1-2, Москва, 1843, 61.
[25] Вачкова, *Въображаеми и реални граници,* 195.
[26] Scylitzae Ioannis, *Synopsis Historiarum,* edition princeps, ed. Ioannes Thurn, Berolini et novi Eboraci, 1973, 333, $_{83}$ - 334, $_{88}$; Пириватрић Срђан, *Самуилова држава, Обим и карактер*, Београд, 1997, 90-91, n. 57; Stephenson, *Byzantium's Balkan Frontier,* 59.
[27] Крсмановић Бојана, У односу управне и црквене организације на подручју Охрдиске архиепископије, *Византиски свет на Балкану*, I, Зборник радова са Пете националне конференције византолога (Београд, 4-6. новембар 2010), ур. Љубомир Максимовић, Бојана Крсмановић, Радивој Радић, Београд 2012, Београд 2012, 32. Види исто: Коматина Предраг, Појам Бугарске у XI и XII веку и територија Охридске

архиепископијата - од Сирмиум до Сердика и од Белград до Берат и Струмица,[28] а не земјата на посебен народ.

Тоа имало за последица тоа што по 1000 г. исчезнуваат дотогаш единствените идентификации на Бугарите како турански – хунски народ. Поимот започнува да се преосмислува преку новите административни реалности и да се употребува за популациите во новите „Бугарии“, што води до интерпретација на истиот како именување на локалните популации од антички времиња (Мирмидонци, Илири, Мизи, Панонци, Пеонци, Епирци),[29] или како Словени генерално[30] поради тоа што словенскиот е јазикот на Охридската архиепископија. Во овој период забележуваме само единечни идентификации, обично кога се зборува за конкретна популација (современа или во минатото) и се кажува дека тие се „Бугари“ (во смисла жители од соодветната територија во XI – XII в.), но нема напор да се направи целосна дефиниција на поимот кој сам по себе нема супстанција, нема носител, туку се јавува секундарен и производ од административната реалност наречена „Бугарија“. Бугарите се атрибут на Бугарија во таквиот период – темата, катепанаттот и највеќе архиепископијата, а тие се променливи категории.

Во XIII в. тоа се менува со создавање на ново бугарско царство и патријаршија во Трново, што од една страна го прави поимот политички актуелен и создава потреба од ново дефинирање на тоа кои и што се *Бугарите*, а од друга – создава конкуренција меѓу двете „бугарски“ институции и соодветно ривалски идентификации. Имено сега ќе се направи обид да се дефинираат Бугарите на начини кои се прикладни за соодветните центри.

Затоа генерално погледнато просторот на кој ги наоѓаме поимите Бугари, „бугарска земја“, „Бугарија“ не се однесуваат на единствена и постојана територија – туку на различни територии и нивните жители, кои се подвижни во времето и просторот и таквата подвижност е очигледно поврзана со институциите што го

---

Архиепископије, Охридска архиепископија у византијском свету, *Византијски свет на Балкану*, I, Зборник радова са Пете националне конференције византолога (Београд, 4-6. новембар 2010), ур. Љубомир Максимовић, Бојана Крсмановић, Радивој Радић, Београд, 2012, 46, 47.

[28] Коматина, *Појам Бугарске*, 41-56; Красимира Гагова, *Кръстоносните походи и средновековна България*, София, 2004, 37.

[29] Zonarae Iohannis, *Lexicon, tommus posterior*, Iohannes Avgustus Henricus Tittmann (ed.), Lipsiae, 1808, col. 1103,1495 – 1496, 1498, 1507, 1653;Tzetzae Ionnis, *Anecdota Graeca*, vol. I, P. Matranga (ed.), Romae, 1850, 15, $_{426}$ p. 27, $_{824}$ – 28, $_{825}$; Tzetzae Ioannis, *Historiarum variorum Chiliades*, Teophilus Kiesslingius, Lipsiae, 1826, 370, $_{185-197}$

[30] Zonarae Iohannis, *Lexicon*, col. 1653; Милев, *Гръцките жития*, 81.

употребувале или за кои се употребувал некој од овие поими. На прв поглед како да има одредена сличност со мигрирањето на поимот Ромеи и Ромаја (Романија) заедно со институциите носителки на името. Разликата во бугарскиот случај е што поимот го менува не само просторот, но и своето значење, затоа што, за разлика од ромејскиот случај, нема постојан носител, туку забележуваме неколку различни и неповрзани меѓу себе креации што истиот го користат *за себе* и на *свој начин*, што вложува во него *различна содржина*.

Но има и уште една разлика. Дури и кога по 1204 г. ја изгубиле Тракија Ромеите продолжиле да гледаат на нејзините жители како на Ромеи поради лојалноста на истите кон ромејската империја и желбата истата да се обнови. Сосема друга ситуација и однос наоѓаме меѓу 976 – 1396 г. меѓу институциите што ќе го користат поимот Бугари.

### *Разграничени во лојалноста*

Основна карактеристика на „ромејскостта“ бил “*loyalty to the centralized rule of the Roman imperial office*”.[31] Во однос на создаваните по византиски урнек бугарски царства, лесно може да се констатира дека нема *“a sense of solidarity for significant sectors of the population*”[32] меѓу елитите и популациите на едната спрема другите. Населението во Централниот Балкан и она во Мизија покажуваат лојалност спрема различни државни традиции и нелојалност спрема таа на „другиот“. Така етничките Бугари во Мизија не земаат учество во востанието што довело до создавање царството на Комитопулите и покажале доволно јасна нелојалност спрема него, предавајќи се без борба на ромејските војски и не земајќи учество во востанијата за обновата на тоа царство во XI в. Напротив во Централниот Балкан во XI в. лојалноста спрема царството на Комитопулите[33] е евидентна и востанијата овде се за обнова на нивното

[31] Ioannis Stouraitis, Byzantine Romanness: From geopolitical to ethnic conceptions, in: Walter Pohl, Clemens Gantner, Cinzia Grifoni and Marianne Pollheimer-Mohaupt (eds), *Transformations of Romanness, Early Medieval Regions and Identities,* (Berlin-Boston, 2018), 123-140, 128.
[32] Smith Anthony, *National identity*, Penguin Books, London, 1991, 22.
[33] Стојков, *Многуимените Други*, 152-153.

царство начело со цар од династијата на Комитопулите.[34] Тие никогаш нема да се прошират во Мизија, а ниту во Тракија. Дури и востанието на Делјан кое успева да стигне до Атина на југ, и да вклучи дури и туѓи на било какви бугарски традиции популации како онаа на темата Навпакт (во Јужен Епир), нема да има одек во териториите на некогашните бугарски престолнини Плиска и Преслав. Додека востанијата за обнова на Самуиловото царство во XI - XII в. се етикетирани во византиските извори како „бугарски",[35] востанијата во Тракија и Мизија не се именувани така, ниту учесниците таму се нарекувани Бугари, а ниту си поставувале за цел обнова на бугарско царство. Подоцна востанието на Асанидите во Мизија, нема да се прошири во Централниот Балкан. Со претопувањето на династијата на Комитопулите во византиската елита престануваат и „бугарските востанија" во Централниот Балкан, што јасно покажува дека тие изразувале, традиција, приврзаност и лојалност спрема *царството на Комитопулите*, а не спрема бугарската империјална традиција по принцип.

После XI в. лојалноста на населението во модерна Македонија е префрлена кон Константинопол и во резултат од крајот на XI в. понатаму дури и личности именувани како „Бугаринот" или „Бугарин по род" во византиските извори се гледани како целосни Ромеи,[36] а во текот на XII в. самиот поим „Бугари" започнува да се употребува сѐ поретко и таквите луѓе се гледани сѐ повеќе како обични Ромеи.

Владетелите на второто бугарско царство нема да ја препознаат Охридската традиција како бугарска и своја. Царот Калојан така и не побарал круна од Охридската архиепископија на „цела Бугарија", ниту ја искористил како своја призната автокефална институција дури и кога таа била во негова контрола, туку побарал и круна и признавање на црква од папата. Исто и Јоан Асан II побарал создавање на нова бугарска патријаршија игнорирајќи ја охридската архиепископија која била под негова контрола. Додека еден Ромеј како Теодор Комнин можел да побара и прими ромејска императорска круна од „архиепископот на цела Бугарија", тоа владетелите на „сите Бугари" во Трново очигледно не го сакале. Владетелите и патријарсите од второто

[34] Pselli Michaelis, *Chronographia*, 4, ed. Reinsch Diether, Berlin, 2014, 40, 12 – 14; Zonarae Ioannis, *Epiromae Historioarum libri XVIII*, 3, ed. Theodor Büttner-Wobst, Corpus Scriptorum Historiae Byzantinae, Bonnae, 1897, 602.

[35] Scylitzae, *Synopsis Historiarum*, ed. Beck *et al*., 409, 87.

[36] Cf. Ђурић, Иван, Теофилакт Охридски под шатором Арона, *Зборник радова Византолошког института*, 27-28, 1989, 83-85; Stouraitis, Byzantine Romanness, 134.

бугарско царство така и не ги признавале териториите од современите Тракија и Македонија за *бугарски*, но ги именувале Романија и Грчка земја, а населението – Грци, не ја гледале Охридската архиепископија на „цела Бугарија" како *бугарска* и *нивна* и изгубиле секој интерес кон териториите на Македонија после средината на XIII в.

Водено од владетели со такви погледи Второто бугарско царство, нема да успее да добие некоја сериозна поткрепа во териториите на денешна Македонија, не само кај населението, но и во месните елити, дел од кои би требало да потекнуваат од елитата од времето на Комитопулите. Не затоа што традициите на царството на Комитопулите биле згаснати – напротив. На почетокот на XIII в. тие се сосема живи кај народот како што сведочи Ставракиј од Солун за „славниот Самуил, чие име е сеуште во устата на Бугарите" и неговиот син Гаврил Радомир,[37] но очигледно приврзаноста повторно не била насочена кон некоја бугарска идеја или традиција по принцип, туку само кон традицијата на Комитопулите. Иако и самиот Калојан се повикувал на царот Самуил како негов претходник, заедничката идентификација не довела до меѓусебно признавање и прифаќање меѓу него и населението во Македонија.

За да може да се прошири во Тракија и Македонија бугарскиот цар Калојан, прво требало да биде признат за император на Ромеите од аристократијата во овие две области, и во моментот кога бил отфрлен од истото тоа население кое признало други ромејски императори, Калојан истите територии ги изгубил. По битката кај Клокотница „царот на сите Бугари" Јоан Асан II ширејќи се во истите области за да ја легитимира својата власт додал во својата титула „и на Грците" (т.е. Ромеите). И во двата случаи немаме знаци за некоја меѓусебна бугарска солидарност или лојалност. Но во 1246 г., кога се појавил вистинскиот Ромејски император овде, тогаш владеаните од второто бугарско царство градови од Серес до Дебар им се предале доброволно на никејскиот император и епирскиот деспот. Еден од аргументите искористени за тоа во Мелник бил дека ромејскиот император „има права врз нас, зашто ние ѐ припаѓаме на римската власт, независно што Бугарите го освоија ова место за кратко".[38] Обидите на Трново да ја придобие лојалноста на тоа население вклучително и преку роднински врски со Никеја немале сериозен ефект, а очигледно кон истото не апелирало ниту титулата цар на „сите Бугари", ниту „и на Грците".

[37] *Гръцки извори за българската история*, т. X, БАН, София, 1980, 127.
[38] *Ανωνυμου Σινοψυς Χρονικη*, ed. Konstantinos Sathas, Bibliotheca Graeca Medii Aevi 7, 1894, 493, 28 - 494, 8.

Не е случајно во Трново овие области не биле гледани како свои, а ниту жителите како Бугари. Во крајот на краиштата „Бугарите“, преку територијата се јавуваат атрибут на бугарската царска власт и перманентната нелојалност спрема истата е најочигледниот знак за не-бугарскост на луѓето и на нивните земји.

Во текстовите настанати во Централниот Балкан во XIII – XIV в. не може да се откријат знаци на лојалност спрема современите бугарски цареви, дури и кога тие директно владееле со соодветната територија. Трновските владетели ќе бидат нарекувани „наши“ само во текстови од манастирите Зограф и Рила, кои добивале издршка од бугарските владетели со задача да се молат за нив. [39] (Слично и српските владетели ќе бидат нарекувани „наши“ во српскиот владетелски манастир Хилендар или од некои непосредни вазали на српските кралеви и цареви).[40] Во Македонија можеме да најдеме знаци на лојалност, но таа е спрема византиските императори. На пример во еден натпис на тврдината во Скопје од XI –XII в. се чита „новиот град .... прекрасен украс на Ромеите“ (или според друго читање тука се споменува „којнонот на Ромеите“.[41] Од XII в. наоѓаме молитви за византиските императори означени како „наши“ во словенската Служба на св. Јован Рилски.[42] Во втората половина на XIII в., кога Македонија е под власта на Византија, овде се појавува Службата за свети Иларион Мегленски, во која од светецот се бара да се моли на Бога „да даде од небото победа на нашиот верен император против непријателите“,[43] нешто што од светецот никогаш не е барано во текстовите настанати во Трново, независно што неговите мошти сега се наоѓале таму. Во 1295 г. во Охрид е поставен натпис на грчки кој зборува за „нашиот свет самодржец император“ на Ромеите.[44]

Очигледно лојалноста на населението во денешна Македонија во XIII – XIV в. била насочена кон Цариград, не кон Трново и во таа смисла тие биле Ромеи, „Грци“ и за бугарските и за српските владетели. Во време кога „народот“ се дефинирал преку неговите владетели, немањето на верување дека некои имаат право да владеат „со нас“ и соодветно – немањето на лојалност спрема одредена династија и политички центар

---

[39] Иванов, *Старини,* 43; Дуйчевъ, *Книжнина 2,* 73.
[40] Љубомир Стојановић, *Стари српски записи и надписи*, кн. 1 Београд, 1902, 37, 40, 41.
[41] Chausidis, Nikos, Byzantine Inscriptions on a Defense Tower from the Medieval Town of Skopje, *Patrimonium* 13/28, 2020, 328-329.
[42] Иванов, *Старини,* 358.
[43] Божилов Иван, Кожухаров Стефан, *Българската литература и книжнина през XIII век*, София, 1987, 110, 137.
[44] Иванов, *Старини,* 212.

многу јасно ги дефинира таквите луѓе како „друг“ народ спрема соодветната држава. Затоа не е и чудно што според изворите во XIII – XIV в. во Мизија и Македонија живееле различни народи. За владетелите на Трново населението во Тракија и Македонија било туѓо, кое тие го викале „Грци“, додека пак еден Никифор Григора ќе тврди дека Бугарите живееле во Централниот Балкан во минатото, но Василиј II ги победил и иселил од таму и ги населил во Мизија, а името е останато во титулата на архиепископијата само како особен спомен.[45]

Применувајќи го киселиниот тест (“acid test”  - Peter Heather) на *лојалност – нелојалност* во тешки времиња, би можеле да дефинираме најмалку три меѓусебно исклучувачки области внатре во овие бугарски империјални традиции – една во Централниот Балкан, друга во Мизија и трета многу пасивна во Србија.

***Заклучок***

Бугарските империјални креации на Балканот за разлика од нивниот византиски прототип не претставувале единствен феномен, туку неколку различни, понекогаш и спротивставени појави, обединети околу различни империјални центри. Иако формално името и титулата ги прават посебна група, тие не сочинуваат единствен, било тоа и мултиетнички ентитет, туку сочинуваат променлива група од хетерогени појави. Тие се примарен или секундарен продукт на неколку обиди за легитимирање власт преку бугарската царска титула, направени од династии од различно етничко потекло, кои воделе елити од различна етничка припадност и се наметнале врз етнички различни популации во различни делови на Балканот. Бидејќи имено *бугарските* цареви, преку својата политика ја оцртувале територијата на *бугарското* царство, чие лојално население се јавуваат примарно и „Бугарите“, Бугарите по неизбежност ќе бидат менлива категорија, а лојалноста – нелојалноста имала директно влијание врз тоа кои биле или не биле Бугарите во секој еден период. Секоја од овие Бугарии создавала различни незавршени и противречни елитарни интерпретации на тоа кои се, од каде потекнуваат и каде живеат Бугарите и што е тоа бугарското царство и каква е неговото место во византиската икумена. Неспособноста да се најде задоволувачки одговор на

[45] Gregorae Nicephori, *Byzantina historia*, t. 2. Schopenus ed. ECHB. Bonnae, 1830, 2.2, 26-27.

овие прашања и стремежот за трансформација во Византија се видливи. Така иако навистина „Бугари“ бил политоним од типот на Ромеи доколку се однесува на поданици на владетел со соодветна императорска титула, но во една насока тој се разликува фундаментално – не означувал ист континуиран ентитет, туку бил име слободно користено за различни популации и појави.

Обединувањето на овие хетерогени појави во единствен феномен е вештачко и креира непостоечки ентитет во историјата: било да е тоа бугарски народ, било да е тоа единствена бугарска империјална заедница. Иако во науката во минатото рационализација на историјата преку создавање на слични национални групирања било вообичаено[46] истото, како и во овој случај води до симплификација и искривување на историјата и до нејзино сведување до проекција на нашата современост назад во времето.

## Библиографија


Bekker, Immanuel. 1838. *Theophanes Continuatus, Ioannes Cameniata, Symeon Magister, Georgius Monachus*. Edited by Immanuel Bekker. Bonnae: CSHB.

Biliarsky, Ivan. 2013. *The Tale of the Prophet Isaiah, The Destiny and Meanings of an Apocryphal Text*. Edited by Florin Curta. Vols. East Central and Eastern Europe in the Middle Ages, 450–1450. 23 vols. Leiden: Brill.

Geary, Patrick,. 2013. *Language and Power in the Early Middle Ages*. Waltham: Brandeis University Press.

Migne 214, Jacques-Paul. 1844. *Patrologia Latina, vol. 214*. Parisiis.

Migne 215, Jacques-Paul. 1844. *Patrologia Latina, vol. 215*. Parisiis.

Porphirogenitus, Constantine. 1967. *De administrando imperio*. Edited by Gyula Moravcsik. Translated by R. J. H. Jenkins. Washington: Dumbarton oaks.

Scylitzae, Ioannis. 1973. *Synopsis Historiarum*. Edited by Ioannes Thurn. Berolini et novi Eborac.

Tzetzae, Ioannis. 1826. *Historiarum variorum Chiliades*. Edited by Teophilus Kiesslingius. Lipsiae.

Tzetzae, Ionnis. 1850. *Anecdota Graeca, vol. I*. Edited by P. Matranga. Romae.

Zonarae, Iohannis. 1808. *Lexicon, tommus posterior*. Edited by Iohannes Avgustus Henricus Tittmann. Lipsiae.

Баришић, Фрањо, and Божидар Ферјанчић, . 1986. *Византијски извори за историју народа Југославије, том VI*. Београд: Византиски институт, САНУ.


[46] Geary Patrick, *Language and Power in the Early Middle Ages*, Waltham, 2013, 14-15, 37.

Владимир, Мошин. 1966. "Битољска плоча из 1017 године." *Македонски јазик, XVII* 51-61.

Гагова, Красимира. 2004. *Кръстоносните походи и средновековна България.* София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски".

ГИБИ 5. n.d. *Гръцки извори за българската история, т. 5.* София1964: БАН.

Дуйчевъ, Иванъ. 1944. *Из старата българска книжнина, книга втора.* София: Хемус.

Заимов, Йордан. 1970. *Битолски надпис на Иван Владислав самодържец български, старобългарски паметник от 1015 – 1016 г.* София: БАН.

Златарски, Васил. 1972. "Кои са били вътрешните и външните боляри." In *Васил Златарски, Избрани произведения в четири тома, т. I*, 304–310. София: Наука и изкуство.

Коматина, Предраг. 2012. "Појам Бугарске у XI и XII веку и територија Охридске Архиепископије." In *Охридска архиепископија у византијском свету, Византијски свет на Балкану, I, Зборник радова са Пете националне конференције византолога (Београд, 4-6. новембар 2010)*, edited by Бојана Крсмановић, Радивој Радић Љубомир Максимовић. Београд.

Крсмановиђ, Бојана. 2010. *У односу управне и црквене организације на подручју Охрдиске архиепископије,.* Vol. I, edited by Бојана Крсмановић Љубомир Максимовић. Београд.

Меловски, Христо. 1996. *Москополски зборник, пролошки житија на светците, Miscelanea byzantine-makedonica, vol. 1.1.* Скопје.

Милев, Александър. 1966. *Гръцките жития на Климент Охридски.* София: БАН.

Милтенова, А. § Тъпкова-Заимова, В. 1996. *Историко-апокалиптичната книжнина във Византия и в средновековна България.* София: Университетско издателство Св. Климент Охридски.

Попруженко, М. Г. 1936. *Козма Пресвитеръ, Болгарскій писатель X вѣка, Български старини, кн. XII.* София: БАН.

Срђан, Пириватрић. 1997. *Самуилова држава, Обим и карактер.* Београд.

Стојков, Стојко. 2015. "Бугарскиот етнос и мултиетничка Бугарија во византиските извори во X в." *Гласник на Институтот за национална историја* 63 – 86.

—. 2023. *Многуимените други, Македонија како пресечна точка на Другоста на средновековниот Балкан (иденттиетски студии).* Штип: НУБ Штип.

Ђуриђ, Иван. 1989. "Теофилакт Охридски под шатором Арона, (1989)." *Зборник радова Византолошког института, 27-28* 69 - 91.

Христов, Янко. 2011. *Щрихи към „Сказание за железния кръст".* Благоевград.